Влада на Република Македонија
Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција

# ОПШТИ ИНДИКАТОРИ ЗА ПРВИЧНА/ПРЕЛИМИНАРНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРЕТПОСТАВЕНИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО СЛУЧАИ НА МЕШАНИ МИГРАЦИСКИ ДВИЖЕЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Анекс на Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе**

**(Скратена верзија)**

**Мај 2016**

| | |
|---|---|
| **Користени акроними:** | |
| ЖТЛ | Жртва на трговија со луѓе[1] |
| ППЖТЛ | Претпоставена жртва на трговија со луѓе[2] |
| ПЖТЛ | Потенцијална жртва на трговија со луѓе[3] |
| ТЛ | Трговија со луѓе |
| НДС | Непридружувано дете-странец |
| МВР на РМ | Министерство за внатрешни работи на Република Македонија |
| ЕТЛКМ | Единица за трговија со луѓе и илегална миграција |
| РЦ за ГРМ | Регионален центар за гранични работи и миграција |
| ОПКМСР | Одделение за прекугранichen криминал, миграција, странци и реадмисија |
| ПТЦ | Привремен транзитен центар |
| ПЦС | Привремен центар за странци |
| ПЦБА | Привремен центар за баратели на азил |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| ЦСР | Центар за социјални работи |
| НМУ | Национален механизам за упатување при Министерство за труд и соц.пол. |
| ГО | Граѓански организации |
| МО | Меѓународни организации |

**Првична/прелиминарна идентификација на потенцијална или претпоставена ЖТЛ**

Индикаторите за идентификација на ППЖТЛ, ПЖТЛ или ЖТЛ како можни показатели на случај на ТЛ, ја имаат клучната улога на првична/прелиминарна идентификација на можна ППЖТЛ, или ПЖТЛ, и треба да бидат помошна алатка на одговорните лица што доаѓаат во контакт со претпоставени ЖТЛ со цел преземање мерки за нивна понатамошна формална идентификација со спроведување интервју и понатамошна стручна истрага.

Ја спроведуваат одговорните лица на надлежната институција/организација[4] што оствариле првичен контакт со ранливата категорија странец во случаи на мешани миграциски движења на територијата на РМ (полициски службеници од МВР на РМ, социјални работници од ЦСР, претставници на ГО/МО вклучени во ПТЦ, ПЦС, ПЦБА и други институции и организации).

По прелиминарното идентификување на потенцијална или претпоставена ЖТЛ, наведените институции вршат упатување и ги известуваат ЕТЛКМ и МТСП-НМУ.

1. Првична/прелиминарна идентификација на потенцијална или претпоставена ЖТЛ
2. Конечна идентификација на ЖТЛ

Овие индикатори прикажуваат некои од факторите што може да покажат поголема веројатност дека лицето е потенцијална или претпоставена ЖТЛ и дека се работи за случај на

[1] Лице врз основа на чие сведочење или околностите во кои тој / таа е пронајден/а укажуваат на тоа дека тој / таа е предмет на регрутирање, превезување, пренесување, засолнување или прифаќање за цели на експлоатација. Ова лице е ставено во позиција на ранливост, со помош на „закана или употреба на сила, грабнување, измама, лага или злоупотреба на моќ".

[2] Случаи во состојба на ранливост, во која постојат најмалку еден или повеќе елементи што го сочинуваат кривичното дело ТЛ предвидено во членот 418а и 418г од КЗМ, кои не се веднаш видливи, но со оглед на конкретните околности на случајот, постои разумно сомневање дека лицето може да е, или би можело да биде потенцијална или жртва на трговија со луѓе.

[3] Потенцијална жртва на трговија со луѓе: е лице што покажува силни показатели дека е предмет на трговија со луѓе и е идентификувано пред да настапи експлоатација.

[4] Види точка: 6,

ТЛ.

**1.Општи индикатори се:**

**Возраста:**

-Типичната возраст на лица за кои постои сомнение дека се ППЖТЛ или ПЖТЛ, зависи од природата на трговијата со луѓе, локацијата и видот на експлоатација.

-Децата, а посебно НДС, се особено ранливи на трговија со луѓе, бидејќи од нив е полесно да се добие согласност, а и се поподложни на заплашување. Тие може да се експлоатираат на различни начини: во сексуалната индустрија, детска порнографија, присилно посвојување, нелегалните пазари на работна сила, вклучувајќи и питачење, вршење кражби, како домашни „робови“ и трговија со органи.

**Полот:**

Трговијата со луѓе со цел сексуална експлоатација претежно се однесува на жените (полнолетни и малолетни)[5].

ТЛ со машки лица со цел експлоатација преку проституција се јавува во ограничени случаи, но таа исто така не треба да се исклучува.

**Земјата на потекло:**

Земјата на потекло, како општ индикатор, го зголемува степенот на ризикот лицето да е предмет на одреден вид ТЛ.

**Документацијата/личните документи**

Непоседувањето лични документи, односно регистрациони формулари издадени од земјите по рутата на движење или поседувањето лажни документи и потврди за трансфер на пари

**Транспортот:**

-Бројот на лицата што се превезуваат не содејствува со превозното средство, на пример едно или две женски лица скриени во ТМВ не укажуваат на криумчарење туку на ТЛ.

-Бројот на лицата што ги придружуваат не е соодветен на превезуваните потенцијални ЖТЛ.

-Претпоставената ЖТЛ најчесто е целосно придружувана од страна на исти лица од земјата на потекло/транзит и дестинација, што не е случај при криумчарењето.

**Знаци на злоупотреба:**

Постоењето или непостоењето на знаци на физичко насилство како индикатор не мора да ја исклучи можната ТЛ, ако се има предвид дека методот на заплашување понекогаш е помоќен и од физичкото насилство и може да вклучи психичко насилство (закани).

**Индикатори поврзани со однесувањето на** потенцијална или претпоставена ЖТЛ-**при контакт со службените лица за време на транспорт/прифаќање/предавање:**

-лицето се плаши да зборува,

-има недоверба кон органите на власта и одбива да соработува,

-лицето е инструирано како да зборува,

-дава спротивставени, нецелосни и невистинити информации,

-се обидува да избега,

-лицето стои настрана и се издвојува од групата, што укажува дека природно не припаѓа на таа група,

-смета дека е набљудувано и следено,

-дозволува други да зборуваат во нејзино/негово име,

-манифестира страв и вознемиреност,

-реагира со гнев, избувливост и агресивност,

---

[5] Види точка 3 на стр.5

-лицето има забележителни осцилации во однесувањето,
-покажува девијантно однесување,
-присутни се дезориентација, конфузија, фобии или напади на паника,
-се плаши да не се открие неговиот статус,
-лицето покажува знаци на злоупотреба на дрога и алкохол
и други индикатори...

**Општи индикатори за идентификација на непридружувани деца-странци**
(потенцијална или претпоставена ЖТЛ) **за време на транспорт/ прифаќање/предавање:**
-најчесто се наоѓаат во мешани миграциски групи во кои има повеќе од едно НДС на различна возраст, пол, земја на потекло,
-патуваат во групи со лица што не се роднини,
-патуваат без придружба на родител/старател,
-лажат за возраста или не знаат колку години имаат,
-честопати се претставуваат како браќа/брат и сестра/сестри, иако немаат сличности, емотивна поврзаност, или нивната возраст не одговара на природниот тек на раѓање,
-како причина зошто се непридружувани најчесто наведуваат дека за време на патувањето се изгубиле од своето семејство или дека се пуштени од своите родители да се спасат од воените дејства во земјата на потекло,
-на прашањето за рутата на патување од земјата на потекло до откривањето многу малку знаат за рутата на патување,
-малку знаат за земјата на дестинација, местото каде што треба да пристигнат, дали имаат блиски роднини/пријатели и што ќе прават таму по пристигнувањето,
-доколку се придружувани, тоа најчесто е од лице-мигрант што се претставува како близок роднина или пријател од доверба на семејството, но при испрашување многу малку знаат еден за друг или даваат контрадикторни податоци во делот на рутата на патувањето, познавање на семејството, како и крајната дестинација,
-НДС при испрашувањето постојано со страв гледа кон одредено возрасно лице од групата што е можен трговец или лице од доверба на трговците,
-нелогичности во возраста на родителите/роднините и децата, кои ја доведуваат под сомнеж родителската врска,
-не поседува лични документи или доколку поседува се фалсификувани,
-на прашањето за лични податоци за себе, дава несигурни податоци поради страв да не биде откриено,
-однесување на децата кон лицата што ги придружуваат (вознемиреност, страв, слично),
-занемарени се, запуштени, гладни и несоодветно облечени,
-се обидуваат да избегаат од службените лица,
-изгледаат исплашено, срамежливо, исцрпено, уморно, збунето и покажуваат знаци на физичка и ментална злоупотреба,
-имаат големи промени во однесувањето, што не соодветствува на нивната возраст,
- по телото имаат модринки во различни делови и фази,
-превозот до земјата/регионот на дестинација ја платиле други лица, на кои треба да им отплатат преку работа,
-не располагаат со парични средства,
-други индикатори.

**Конечна идентификација на ЖТЛ**
Со утврдување на постоење на општи индикатори на ТЛ кај ранливата категорија странец и негово идентификување како потенцијална или претпоставена ЖТЛ, одговорното лице што ја

извршило идентификацијата го известува ОПКМСР при РЦ за ГР и ЕТЛКМ или МТСП-НМУ со цел преземање на идентификуваното лице заради негова конечна идентификација како ЖТЛ.